**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Институт за македонска литература**

**35 години Институт за македонска литература**

# А П С Т Р А К Т И

**Меѓународна научна конференција**

## Критика и молк: читање на македонската литература и култура




**Македонска академија на науките и уметностите**
**Скопје, 7 – 8 ноември 2016**

**акад. Катица Ќулавкова**, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје
kkulavkova@gmail.com

**Критика, метод и толкување**

Текстот под работен наслов „Критика, метод и толкување" ќе ги актуализира херменевтичките аспекти на македонската книжевна критика: - критиката пред искушението на површните вреднувања и конјунктурните вредносни системи; - кои критички методи преовладуваат во современата македонска книжевна критика; - научната заснованост на македонската книжевна критика; критиката меѓу актуелното и историското; - критичките методи како интерпретативни и вредносни.

**Prof. Vladimir Biti, Ph.D.**, Faculty of Philological and Cultural Studies, University of Vienna
vladimir.biti@univie.ac.at

**What kind of silence is criticism addressed by?**

In one of the most influential paragraphs of his *Critique of Judgment*, the forty sixth one, Kant states that a work of beautiful art cannot be determined by given communal law because it emerges as a product of genius that sets its own law through this work. Such exemplary art mobilizes the reason of those who enjoy it through the disengagement of their form of perceiving art, operating under the spell of habit. Through its consistent self-exemption from the application of any of the established rules of reception, the work of beautiful art reveals its own law as something that exists only in its inapplicability. It can be only indirectly gathered from its execution, through its series of deactivating effects (§ 47). The work of beautiful art (as opposed to both "mechanical" and "agreeable" art, § 44) is therefore conceived by Kant as a purely negative force that systematically disengages ordinary reason of its recipients. Its silence is ominous and corrosive. In my paper, I will try to examine the corollaries of this thesis.

**Jüri Talvet**, Institute of Cultural Research and Arts, University of Tartu
Dr., Chair Professor of World Literature, Institute of Cultural Research and Arts
juri.talvet@gmail.com

**The Challenge of Axiological (Re)orientation of Literary Canons: Can Ethical Literary Criticism Provide Salvation?**

In my paper I will attempt to discuss the questions (causes) relating to the (loss of) orientation in the present day field of interpreting and evaluating literary creation and canons, as well as the means that could still provide some keys for axiological (re)orientation of the world literature canon, as well as national literary canons.

Among other aspects, I will discuss the role that could be played in the highly desirable (re)orientation by a recently formed new trend in literary scholarship, called "ethical literary criticism". It emerged in China where in 2012 the International Association for Ethical Literary Criticism was founded. By today it has organized six annual conferences, of which the latest one was held in October 2016 in Tartu, in collaboration with the Estonian Association of Comparative Literature.

I will share some of my impressions of these conferences, as well as expose my personal view on the perspectives of the new ethically orientated movement in literary and cultural scholarship. My main claim is that no positive change in (re)establishing axiology for literary creation can become reality without a fully represented "other", both in the internal and external paradigm of evaluating literary works. By the "internal" paradigm I mean above all the interrelation between the philosophical-ideological and aesthetic aspect of a literary work or phenomena. Separation of "content" and "form", that has become almost a rule in contemporary literary scholarship, can only lead to a further loss of axiological criteria. By the "external" paradigm I mean relating one's "own" literature and culture to the context of world literature, i.e. to other literatures and cultures. Interpreting literary works in the context of just a single cultural-linguistic area, without attempting to transcend it, is in my opinion the surest way to a deepening axiological disorientation.

I certainly intend to illustrate my assertions by providing examples from the historical experience of constructing the paradigm of Estonian literature, as well as of some of its main authors and phenomena belonging to the "passive" canon of world literature.

**д-р Соња Стојменска-Елзесер**, Институт за македонска литература, УКИМ, Скопје
elzeser@gmail.com

**Посткритичко читање**

Прашањето за книжевната критика денес е неминовно и прашање за опстојбата и смислата на постоењето на книжевната уметност. Откако низ последните неколку столетија, а особено во текот на дваесеттиот век, се обликуваа специфични парадигми на пристап кон книжевноста, во кои клатното на толкувачкото шило осцилираше помеѓу половите на основните проблеми кои го чинат книжевниот феномен и го изменуваше својот фокус од самото дело, преку авторот, до читателот; денес се наоѓаме во ситуација кога сите постоечки парадигми се во оптек, а сепак интегралниот одговор за неопходноста и спецификата на книжевноста сè уште ни се измолкнува. Во обид да ги детектираме актуелните тенденции во критичкиот пристап кон литературата, ќе расправаме за надоградувањето на скептичната интерпретација („херменевтика на сомнежот") со посткритичкото читање (потпирајќи се врз терминологијата на американската теоретичарка Рита Фелски во нејзините книги *Ограниченостите на критиката*, 2015 и *Употребите на книжевноста*, 2008) и за подемот на истакнувањето на афективните димензии на книжевноста. Критиката сфатена како практика на посткритичко читање е специфичен медијатор и чинител во социо-културниот живот, кој се базира врз релации, консензуси, преговори, блискости, алијанси („теорија на вмрежени чинители" на Бруно Латур). Ваквата позиција во разгледувањето на критиката ќе ги отвори прашањата за: актуелниот статус на критиката и критичарот, книжевниот живот, помирувањето на академскиот и здраворазумскиот став, персистентноста на книжевните остварувања, се разбира, со посебен осврт врз македонската културна ситуација.

**д-р Елизабета Шелева**, Филолошки факултет „Блаже Конески", УКИМ, Скопје
selieva@gmail.com

## Критиката како кауза

Критиката денес неповратно го измина патот (траекторијата) - од некогаш повластен јавен арбитер на вредности (и своевиден книжевно-национален миленик) до медиумско сираче - чиишто повремени пројави, од една страна, се се' повеќе инцидентни и кратки по обем (или времетраење), а, од друга страна - малициозно толкувани, низ призмата на заемна „кастрациска завист", што им се припишува (и, до некаде, навистина владее) меѓу писателите и критичарите. Не по сопствена волја, критичарот ја има понесено улогата на жртвен јарец, кому му се припишуваат редица гревови и пропусти. Каде воопшто денес битисува (опстојува) критиката, според својата местоположба? Како и колку таа се адаптира на новонастанатиот императив на дигиталната писменост електронското издаваштво? Со оглед на тоа, имплицитно се наложува прашањето: кој се' денес се смета за „критичар" и кој се' денес (си дозволува да) ја узуприра таа одговорна улога? Дали блогерот – Фејсбукчија прераснува во новиот критичар на 21 век? И што стана со онаа друга, во ерата на се'општиот прагматизам, „дебело" запоставена мисија на критиката како кауза? Има ли во „културата на изобилство" се'уште место и можност да дебатираме за критиката низ призма на индивидуалната и авторски профилирана посветеност, примарниот хедонизам на читањето и уживањето во текстот, како и суштинското задоволството во пишувањето? Можеме ли се'уште да ја заговараме критиката како примарно прашање на личната кауза, а критичарот - како особен вид писател?

**Marijan Dović, Ph.D.**, ZRC SAZU Institute of Slovenian Literature and Literary Studies, Ljubljana
marijan.dovic@zrc-sazu.si

**Canon / Canonization: A Concept Reconsidered**

Very much like the concept of the *classical*, the notion of *canon*(*canonization*) has assumed a variety of complementary meanings throughout history. Nowadays, thenotion seems to be predominantly used in two distinct realms, the cultural and the religious. In each case, it can signify very divergent things. Within the arts and humanities, the term *canon* came to designate a more or less fixed body of artworks (texts, paintings, musical works, films, etc.) that have assumed an authoritative and exemplary character in a certain community. The composition of such a corpus was subject to constant change throughout history, but the basic idea of a catalogue-structured set of works that function both as a treasury of past masterpieces and as an exemplary model for future works has been present since the Hellenistic period. Thus, the canon can be regarded not only as a collection of precious artworks but also as a set of guidelines that steer future production. Finally, the term *canonical* can be applied to a limited number of individual artists that have become authorities in a given culture and are usually referred to as the "classics" or the "greats". In the religious context, the situation seems no less complicated. In current usage – especially in Christianity, which adopted and modified the Greek concept of κανὼν– there are at least four surprisingly remote realms in which the terms *canon* and *canonization* are employed. They can relate to scripture (canonical holy text), rituals ("canon missae"), individuals (canonized saints), or rules (canon law).

Quite obviously then, the range of meanings ascribed to the notion of canon(ization) has always been quite diverse. This variety of usage – past as well as present – makes it possible to rethink the concept (while remaining faithful to the original abstract meaning of *canon* as a 'measuring rod').In this paper, I willattempt to reach beyond the predominantly text-oriented views of canon and canonization in humanitiesand propose an expanded comprehensive conceptthat includes abroader (anthropological) dimension. The expansionwill highlight a number of areas that have so far been neglected in theoretical as well as historical accounts of canon production: from ritual practices,relics, and memorial sites to the school apparatus, the political aspects, etc.

**д-р Лорета Георгиевска-Јаковлева**, Институт за македонска литература, УКИМ, Скопје
lgeorgievska@yahoo.com

## Критика и маркетинг

Како резултат на глобализацијата на економските структури во последната деценија, нивното влијание и улога во одредувањето на (додадената) вредност се зголемува. Ова значи дека во теоријата на уметноста воопшто, а следствено и во теоријата на книжевноста, се забележува промена од проучување на значењето кон проучување на процесите. Или, кажано со зборовите на Делез, уметноста не се дефинира според она што го значи, туку според она што го прави. Уметничкиот објект веќе не е дефиниран материјално или концептуално, туку релационо. На ваквата констатација се надоврзува Тимотеј Бренан кој вели дека литературата во поново време се пренесува и се конзумира преку медиумите. Тој констатира дека вредноста на литературата сè повеќе се одредува преку книжевните пазари, образовните антологии, книжевните тропи се користат во новинарството и политиката итн. Оттука, тој се прашува: Што е ценето како литература? Што се подразбира дека е литературата? Или, да се дополни поставениот проблем: Кој одредува што е литература, особено што е вредна литература? Дали е тоа книжевната критика, која евидентно, има сè помало влијание на читателската публика. Овие прашања во врска со падот на некогаш привилегираниот поим литература и литературна критика се од суштинско значење, бидејќи тие ни овозможуваат да се анализира улогата на прашања на вкусови (Бордо) и нејзината поврзаност со од една страна канонот, а од друга со промените во природата на книжевната критика.

Проблемот со книжевната критика денес не може да се објасни без сознанијата за длабоките промени во книжевна индустрија. Примерот наведен во литературата за стекнувањето на книжевната слава на Ружди и Рој упатува на тие промени. Имено, книжевната слава на Салмон Ружди („Децата на мигрантите", Букерова награда за 1980) доаѓа по препораките од (академската) книжевна критика, а на Арундати Рој („Богот на малите нешта", Букерова награда за 1997) од маркетиншката кампања. Академската критика неа ја означува како површна писателка која постигнува брза слава само со играта на културната индустрија. Но, нејзината книга е предмет на медиумска возбуда, книгата е преведена на сите можни јазици, а нејзината продажба бележи милионски тиражи.

Текстот ја постулира тезата дека во современи услови успехот на авторите не се должи само на комерцијална амбалажа, туку да се потенцира како глобалната културна индустрија ги усовршува механизмите на дистрибуција на капиталот. При тоа, се трага по начините на кои книжевната критика може да се прилагоди на новите услови. При тоа, парашањата на кои ќе се обрне внимание се: Како новите знаења за вкусот влијаат на промената на карактерот на книжевната критика; Каква е врската меѓу локалниот вкус и глобалниот пазар со оглед на карактерот на книжевната критика? Како книжевната критика да се вклопи во современите економски текови?

**д-р Иван Џепароски**, Филозофски факултет, УКИМ, Скопје
ivan@fzf.ukim.edu.mk

**Филозофските основи на критиката: од цврсто кон флуидно**

Дезориентацијата на актуелната книжевна критика во Македонија која се движи во распон од аподиктична промотивна критика до тесно специјалистичка книжевна критика која се објавува во книжевните списанија, не е белег само на нашата книжевна и академска средина, туку е составен дел и на севкупната глобална состојба во Европа и во светот. Дезориентациите во македонската книжевна критика, оттаму, се манифестираат како составен дел на дезориентациите на книжевната критика на светско-историски план, која како да го следи патот на менување на својата агрегатна состојба: од цврсто (земја) кон течно (вода) и гасовидно (воздух). За да се покаже дека состојбите со книжевната критика кај нас во Македонија ги следат состојбите во светот, најнапред ќе се изложат ставовите на Зигмунт Бауман, Ив Мишо и Пол Арден а потем причините за дезориентацијата на книжевната критика ќе се бараат и во нејзината неможност таа, денес, успешно филозофски да се заснова. Дезоринтираноста ќе се лоцира во најмалку три подрачја: дезориентираност на мислата, дезориентираност на постоењето и дезориентираност во јазикот.

**д-р Веле Смилевски**, Друштво на писателите на Македонија, Скопје
vsmilevski@yahoo.com

**Поезија и критика – взаемна премолченост**

За поезијата и критиката не може да се зборува како за две сосема разграничени области независни една од друга. Дотолку повеќе што литературната критика, како креативна активност со амбиции преку анализата да сугерира своевидна репродукција на создавањето, упатува на вреднувањето и толкувањето на делото и е израз на свеста  за литературата која има долга и витална традиција од Платон и Аристотел до денес. На овие релации има низа парадокси, искушенија и дилеми кои упатуваат на фактот за взаемна премолченост или премолчена взаемност меѓу поезијата и критиката. Во пристапот кон оваа тема пред сѐ се има во предвид интерпретацијата како метајазички слој и интегралноста на песната како јадро на критичкиот дискурс.

**д-р Младен Шукало**, Филолошки факултет, Универзитет у Бањој Луци
e-mail: sukimlad@teol.net

**Апокалиптички хронотопи и парадокси критике**

Критика је посљедњих деценија изгубила и своју намјену и своју функцију. Све за шта се залагала током XX вијека сада се показује као акт њеног самоуништења: од смрти аутора стигло се до исписивања читуља свему што припада човјеку чија је смртност, срећом, остала неупитна. У наведеном контексту је, можда, питање цензуре битан оквир за промишљање: борећи се против ње, успостављани су све бољи механизми за њено функционисање. Зато је тешко говорити о ћутању, јер критика све више губи моћ говора у садашњем цивилизацијском ћорсокаку.

**д-р Георги Сталев**, Филолошки факултет „Блаже Конески", УКИМ во Скопје

**Пристапот кон изборот на автори и нивни текстови во антологијата *Македонска критика и есеј* во организација и издание на МАНУ - Скопје, и Матица Српска - Нови Сад, 1978 (на српски јазик)**

Некаде во 1975 година бев избран од соодветна редакција во МАНУ да изработам антологија на македонската критика и есеј којашто би била објавена на српски јазик од страна на ,,Матица српска" и на нашата Академија на науките и уметностите. Во ова излагање ќе се осврнам на историјатот и критериумите при составување на антологијата во која се претставени десет автори од три генерации. Секој од нив е претставен со по еден нивни текст, а во предговорот се посветени релативно кратки критички осврти за секој од авторите. Во антологијата се застапени процентуално повеќе критики во однос на есеите. Концептот на авторот на антологијата беше, меѓу другото, сите застапени текстови заедно да претставуваат и еден вид мини-приказ на македонската литература.

**д-р Атанас Вангелов**, Филолошки факултет „Блаже Конески", УКИМ во Скопје
vangel46@yahoo.fr

## Кога и зошто молчи критиката

Разликувам, grosso modo, два вида фактори кои подеднакво условуваат гласност (подем) на уметничката (поспецијално: литературна) критика и молк кој, исто така, зборува во сартријанска смисла на тој збор. Првите се надворешни, поврзани со конкретен контекст кој условува и моделира уметничка критика како, на пример: културна политика, атмосфера и традиција; можат да бидат благонаклони или неповолни за развојот на критика. Вторите се внатрешни, во непосредна врска со оние што пишуваат уметничка критика. Се работи, за персонални способности; за степенот увид во спецификите на жанрот критика, како и за степенот на некои одлики од морална природа: како, на пример, смелоста наспрема кукавичлакот, искреноста наспрема лицемерјето, смисла за ризик наспрема сигурноста, нонконформизмот наспрема конформизам и т.н. Во тој ред спаѓа и вештината, не помалку важна од претходните, да се преведе специфичниот, технички јазик на критиката на кодот разговорен јазик, разбирлив за широката публика, како составка на литературата воопшто затоа што таа е медиум кој „им се обраќа на сите."

## When and why the Critique is Silent

I differentiate, grosso modo, between two types of factors that equally condition the vociferous rise of the artistic (or more particularly literary) critique and silence, which can also speak, in a Sartreian sense of that word. The former are external, connected with concrete contexts which conditions and models an artistic critique, such as: cultural policies, ambience and tradition—they can be either favourable or unfavourable for the development of the critique. The latter are internal, and in a direct connection with those who write the artistic critique. These are individual capabilities, such as the level of insight into the specifics of critique as a genre, as well as the level of some characteristics of moral nature—such as audacity as opposed to cowardice, honesty as opposed to hypocrisy, the sense of taking a risk as opposed to security, non-conformism as opposed to conformism, etc. Here we can also include the skill of writing and articulating, which is not less important than the former categories. This is important as to translate the critique's specific, technical language into colloquial linguistic codes, intelligible for the larger audience as a constituent part of literature, since it is a medium which "talks to everyone".

**d-r Zlatko Kramarić**, Odjel za kulturologiju Sv. J. J. Strossmayer u Osijeku
zlatko.kramaric3@gmail.com

**Makedonska književna kritika između monologizma i dijalogizma (D. Mitrev vs. M. Đurčinov)**

U ovome tekstu analizirat ćemo jednu od evolutivnih dionica makedonske književne kritike, koju su bitno obilježila dva, na prvi pogled, različita kritička diskursa: diskurs D. Mitreva i diskurs M. Đurčinova! Naša ideja je da pokažemo kako je hegemonizacija (makedonske) kulture nužni preduvjet svake njene buduće demokratizacije.

**д-р Весна Мојсова-Чепишевска**, Филолошки факултет „Блаже Конески", УКИМ во Скопје
vesnamojsova@hotmail.com

**Како молчи критичарот „од формат" Митрев?**

„Современата литературна наука го оцени Димитар Митрев како основоположник на македонската марксистичка критика, типологизирана уште и како *критика на акциони вредности*", вели Друговац во својата книга „Историја на македонската книжевност XX век" (1996). И така како сериозен авторитет Митрев **ги селектира делата за кои сака да пишува** и на тој начин го создава **македонскиот литературен канон**. Кога суди, критиката или фали или – куди. Критиката боли и кога фали и кога куди. Во тој контекст, критиката на Митрев, поточно некои детали од неговата критика повеќе болат кога фалат, а помалку кога кудат, зашто тој е полетен и понесен кога фали, беспоштеден и брутален кога куди, пишува Вангелов во својата книга „Македонски писатели I" (2004) „Сето тоа го собра во едно Конески кога напиша дека станува збор за критичар „од формат" (Вангелов, 2004: 230)" Полетноста и понесеноста му донесоа апологети. Беспоштедноста и бруталноста му донесоа негационисти. Но дали молчи и премолчува и големиот Митрев? А ако/кога молчи, како тоа го прави?

**д-р Илија Велев**, Институт за македонска литература, УКИМ во Скопје
ilijavelev@yahoo.com

## Зошто критика без здив или зошто молк при вредносните произнесувања за актуелното творештво и науката за книжевноста

Веќе станува алармантна состојбата поради односот на критичкото произнесување кон авторите или кон нивните прилози од областа на книжевната наука. Ваквата појава е последователна од самиот (не)критички однос кон уметничкото книжевно создавање, коешто едноставно е оставено самото по себе да се понудува пред пошироката читателска публика - а без притоа за истото да се изгради критичко-теоретска опсервација што вредносно ќе го оцени, импресивно ќе го препорача, или интерпретативно ќе го анализира. Или кога веќе јавно ќе се појави и ќе се нагласи извесен критички дискурс кон определена творечка или книжевнонаучна појава и настан, често на нагласените констатации доволно не им се верува а пред за тоа да не се провери – кој пишува или кој изрекува, како и кон кого е насочена критичката опсервација?Ваквата појава доведува до ситуација кога однапред критичкиот понуден суд се пречекува како неискрен, импровизиран, па дури и како единствено потпишан под саморекламерството напишано од авторот на кого се однесува истиот. При владеењето на ваквата иронична состојба како најбезбедно да е повлекувањето во молкот, при што многу значајни книжевнотворечки, критичко-есеистички, теоретски или книжевноисториски впечатливи дела премолчено се притемнуваат позади сенките на амбициозно наметнуваните просечности. На тој начин современава генерација книжевни и научни проследувачи индиректно учествува во: пореметувањето на естетските и на научните критериуми, ослободување културен и академски простор за осиромашување на духот, губење на професионалната совест, поддршка на најблиските колеги во нивните грешки и слабости, лажно создавање повремени просечни авторитети (ако може некој, може секој), и сл. Овие веќе воспоставени ирационални фактори на влијание како своевиден активитет во културното и во академско-научното напластување жестоко го потхрануваат творечкиот емоционален стрес. Притоа, во нашево општество се профилираат влијателни луѓе без мислечка и без вредносна посветеност, а мислечките и професионално посветените изградени личности остануваат на дистанца со слабо влијание (осудени самите по себе на молчење, но и на премолчување).

**д-р Лила Мороз-Гжелак**, Институт за славистика, Полска академија на науките, Варшава
lilamor@poczta.onet.pl

## Валоризација на вредности во македонската литература. Поглед од надворешна перспектива за критичкиот опус на Димитар Митрев

Во рефератот ќе зборувам за валоризацијата на вредностите во македонската литература во минатото и сегашноста. Би сакала врз примерот на влијанието на Димитар Митрев – во своето време еден од најпознатите македонски писатели и критичари – во развојот на македонската култура и литература, да го поставам прашањето дали критиката се сведува на вкус или зависи од други околности.

Од Митрев зависело кои дела и книжевни работи ќе бидат печатени, а кои од нив ќе бидат уништени или премолчувани (пример со Венко Марковски). Проследувањето на врската на Митрев со Македонскиот литературен кружок во Софија и развојот на понатамошната политичка состојба во Македонија, ќе овозможи одговор на многу прашања, а не само на тоа како личното искуство на критичарот влијаело на неговиот став спрема литерататура. Посочувајќи во рефератот примери од критичкото дело на Димитар Митрев, би сакала да ги проблематизирам случаите во кои критиката ги презентирала вредностите на своето време.

**акад. Луан Старова**, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје
starova@manu.edu.mk

**Интеракцијата автор-читател во романот *Потрага по Елен Лејбовиц***

Авторот темата за ,,Критиката и молкот" во својот труд ја третира од аспектот на својот романескен опит, изразен во досега петнаесеттомна низа од циклични романи, познати во современата македонска литература како ,,балканска сага", преведувани досега на дваесетина јазици во светот и прифатени со внимание од домашната и странската критика. Парискиот ,,Ле Монд" во својот книжевен додаток романите од оваа сага ги вбројува во редот на ,,големите европски романи".

Меѓутоа, авторот на сагата во својот прилог посебно го издвојува својот епистоларен роман *Потрага по Елен Лејбовиц* (овенчан со Рациновото признание, со повеќе изданија), како сведоштво за вечната релација меѓу авторот и читателот, која напати е интерактивна, напати осмозна, напати преведлива со тишината. Поткрепа во своите размисли авторот црпи во искуството од големите автори на светската книжевност, почнувајќи од изреката дека *,,сè што Балзак кажал, Пруст премолчал*", па сè до кажувањето на Владимир Набоков дека ,,*од сите ликови што ги создал авторот во своето книжевно дело, најдобрите се читателите".*

Има книжевни критичари, кои како Предраг Матвеевиќ, пишуваат дека тие не пишуваат поговор, односно критика, туку со својата интервенција, под услов делото да им се допаднало, едноставно го продолжуваат, како еден вид автори – критичари на прочитаното дело. Авторот на трудот изнесува како непознатата и докрај анонимна читателка на првите четири романа објавени во Франција (*Татковите книги, Времето на козите, Атеистички музеј, Брегот на егзилот*), стапува во двогодишна преписка, главно како сеприсутен книжевен критичар, која конечно завршува како *читател – лик* во романот *Потрага по Елен Лејбовиц.*

**д-р Анастасија Ѓурчинова, д-р Лидија Капушевска-Дракулевска**
Филолошки факултет „Блаже Конески", УКИМ во Скопје
agjurcinova@flf.ukim.edu.mk; ldrakulevska@gmail.com

## Гласови и молк: по-трагите на жените критичарки во македонската академска критика

Истражувањето тргнува од несомнениот факт дека жените критичарки во последно време стекнуваат водечка улога во книжевниот живот во Македонија и дека тие, во најголемиот дел, потекнуваат од академската средина. Тоа е тенденција која започна некаде во последните децении на минатиот век и континуирано трае сè до денес. Може да се рече дека се работи за феномен кој, на некој начин, се совпаѓа и со 35-годишниот јубилеј што Институтот за македонска литература го чествува со овој научен собир.

Каква е судбината на македонските критичарки денес? Како се тие позиционирани во однос на генерациската, а како во однос на родовата поставеност на современата македонска книжевност? Што е најчесто предмет на нивна критика? Пишуваат ли тие најмногу за жените авторки? Дали и зошто молчат македонските критичарки? И дали ја споделуваат маргиналната позиција на жените авторки во македонската културна средина?

Ова се дел од дилемите со кои планира да се занимава ова истражување. Притоа, насоката е двојна, посочена и во самиот наслов: *ќе се трага* по клучните имиња на жените критичарки во академската средина, од една страна, а од друга, акцентот ќе биде ставен на нивните индивидуални *потраги*, односно на клучните книжевни и културни аспекти кои го провоцираат нивното критичарско перо.

**д-р Наташа Аврамовска**, Институт за македонска литература, УКИМ во Скопје
natasha.avramovska@gmail.com

## Критиката и нејзината рамка

Поимот на рамката овде се јавува како обединувачки концепт на моето поимање на актуелниот миг на критиката: нејзините можности и перспективи. Тој ја означува контекстуализираноста на критичкиот поглед во даден идеолошки хоризонт на поимањето, стојалиште од коешто се доживува и чита книжевниот текст, неговите значења и неговата алузивност – неговата вредност за нас.

Ваквото промислување на критиката го напушта тесното подрачје на нејзиното поимање како (кус) осврт врз содржината, загатнатите значења, жанровски и други брзгупотезни одредувања по коишто посегнуваме кога иницијално сакаме да се информираме за едно дело проверувајќи го нашиот евентуален интерес за него во намера да добиеме првична информација и да го иницираме хоризонтот на очекувањето во однос на него. Најчесто, меѓутоа, токму ова поимање на критиката се има предвид кај нас кога се говорти за отсуство на критика. Би ја нарекла критика од 30 реда. И да, таа отсуствува во нашата средина.

Она што во основа настојувам да го загатнам е она што стои и зад таквата критика од 30 реда – а тоа е секогаш втемеленоста на критичкото читање во даден интерпретативен хоризонт, денес, нужно еклектичен и индивидуализиран, а во дослух со актуелниот миг на општествена (идеолошка, културна) комуникација. Во македонската критичка мисла ова ќе го илустрирам врз примерот на две критички читања на Катица Ќулавкова на поетскиот дискурс. Овие критички читања ја обелоденуваат личната, индивидуализирана поставеност на критичарот пред значењата на песната или поетскиот опус и со тоа нагледно ја посочуваат рамката на естетската доживелица што ја запоседнува критичарот, идеолошката рамка воедно, и оттука критиката „дошепнува“ и „доградува“ значења, надоврзувајќи се со уште една алка или алки на креативното допишување односно толкување на книжевниот текст.

**Данило Коцевски**, Друштво на писателите на Македонија, Скопје
danilo.kocevski@gmail.com

## Пост-метафизика и пост-критика, предизвици за критичкиот дискурс денес

Современата македонска критичка мисла има свои специфики, но таа не може да се разгледува надвор од контекстот на глобалните тенденции.

Постструктуралистичкото свртување против метафизиката на присуството и логоцентризмот на означеното доведоа до разнишување на компактноста на знакот со трајни последици врз пристапот и кон уметноста и книжевното дело. Хајдегеровата фундаментална онтологија, Лакановата огледалност, Деридините траги и деконструкцијата, смртта на авторот кај Барт, ризомската критика на Делез, доведоа до еден пост-критички период кој на свој начин ја инволвира и проблематизира и книжевната критика. Кај нас, како се уште да владеат старите критички шеми и канони, па дури и таквата критика едноставно ја нема. Едно мораме да сфатиме: молкот на критиката не е само просто отсуство на критичкиот дискурс, туку и немоќ и неснаоѓање во новата духовна ситуација која е многу комплексна и бара нови пристапи во една општа релативизација на вредностите.

Токму затоа и молкот на критиката е толку гласен, бидејќи е дел од една глобална поделба на молкот која е всушност празнина, отсуство на моќта да ги согледаме новите услови. Доколку и самите тие услови не се своевидна моќ над критичкиот книжевен дискурс кој се повеќе го губи тлото под нозете токму во ерата на пост-метафизиката и пост-критичкиот релативизам.

**д-р Ана Мартиноска**, Институт за македонска литература, УКИМ во Скопје
martinoskaana@gmail.com

**Авторитетот на авторките –**
**За родовиот (дис)баланс на книжевните награди во Македонија**

Надоврзувајќи се на истражувањата на Катица Ќулафкова, Јасна Котеска и Елизабета Баковска за причините за неприсуството на писателките во македонскиот книжевен канон, овој текст ќе се ограничи само на еден сегмент на критичката дејност – доделувањето на книжевните награди. Трудот има за цел да направи кус статистички преглед на добитниците на најзначајните книжевни награди во Македонија во последните две децении, со посебен акцент на родовиот (дис)баланс на добитниците. Некои од прашањата кои произлегуваат од таквиот преглед, а на кои ќе се обидеме да одговориме се следниве: Дали женското писмо се чита (или игнорира) од страна на критиката? Дали навистина има малку жени авторки чии дела заслужуваат „големи" награди? Дали се сѐ уште машките критичари тие кои ги доделуваат наградите и го градат книжевниот канон? Дали жените критичарки придонесуваат за ревидирање на канонот и градење на авторитетот на авторките? Дали македонскиот пример ги потврдува или ги негира светските искуства?

**д-р Јасмина Мојсиева-Гушева**, Институт за македонска литература, УКИМ во Скопје
jasminamg@gmail.com

**Комуникативната вредност на критичката мисла**

Комуникативната вредност на критичката порака е поврзана со степенот во кој критичката мисла ја остварува својата цел. Нејзиниот функцинален дел се состои од информирањето на уметникот, од кого се очекува да ги слушне и прифати изречените ставови, а подоцна и да ги измени сопствените сфаќања и уверувања, со единствена цел да се влијае врз неговото творештво. Во трудот ќе бидат анализирани и разгледани поделните психисоцијални фактори кои можат позитивно или негативно да делуваат врз остварувањето на целта на критиката, а кои се поврзани со сојствата на самата порака (критика); со особините на примателот на пораката (уметникот); и со социјалното милје во кое се одвива целиот процес на комуникација.

Најмногу внимание ќе биде посветено на социјалното милје и својствата на општата психосоцијална ситуација во која се наоѓаат и критичарот и уметникот.

Преку ваквиот пристап се очекува да се изведат релевантни заклучоци во однос на функцијата на критичката мисла денес и нејзината ефикасност.

**д-р Радомир Виденовиќ,** Филозофски факултет, Универзитет во Ниш
ravi.nissin@sbb.rs

**ANGELUS NOVUS, Георги Старделов, споредбени доживувања**

Во делото на Георги Старделов историјата е важна и честа тема. Оттаму и во неговите пропедевтички естетички текстови, односно во неговата дејност како (не само) литературен теоретичар (критичар) историјата (македонска) се вкрстува и се преплетува со јазикот (македонски), литературата, уметноста...Со културата. Така Старделов бидува на трагите на една своевидна философија на културата, сметајќи ја културата за суштествена историја на Македонија, што се гледа и од еден од поднасловите во неговата книга *Angelus Novus, или подготовка за лет*: Историјата на македонската нација – историја на македонската култура.

Тезата е поткрепена со делата, размислите и дејствените зборови на Крсте Мисирков, Блаже Конески и Блаже Ристовски.

**Јордан Плевнеш**, Универзитет за аудиовизуелни уметности, Скопје

**Од молчењето на критиката до критиката со оружје**

Во текстот „Од молчењето на критиката до критиката со оружје" низ призмата на мантрата Трагедија + Време = Комедија дадена е слика на светската историја во односот литература – политика – ликвидација. Македонскиот дел од пеколот на оваа приказна е претставен низ неколку примери кои можат да влезат во светската антологија на никому непотребната меморија во време во кое глобалниот терор на меѓународниот капитал ги ликвидира и последните остатоци на човечката надеж!

**д-р Маја Јакимовска-Тошиќ**, Институт за македонска литература, УКИМ во Скопје
jakimovska.tosic@gmail.com

## Критиката во историографското проследување на средновековната книжевност

При елаборирање на нашата предложена тема која се однесува на критиката во историографското проследување на средновековната книжевност мора најнапред да се подвлече посебноста на средновековната книжевна проблематика која денеска ја согледуваме од една современа книжевно-творечка дистанца, бидејќи помеѓу средновековното и современото книжевно создавање и толкување на книжевните појави и процеси стојат векови. Овде ќе го додадеме и спецификумот македонската средновековна литература да се согледува како дел од пошироки културолошки и општествени контексти: византиско-словенски, кирилометодиевско сесловенски или во контекст на духовното и книжевното коегзистирање меѓу источната и западната традиција. Третманот на сите овие комплексни односи уште повеќе се комплицира бидејќи во истражувањата на научниците, каде што ги вклучуваме и прилозите од областа на литературната критика, етничката карта на Европа од IX-XIV век се перцепира со гледишта на XX-XXI век. Погледнато контексуално се јавува неопходноста од извлекување на природата и карактерот, како и на суштината и развојниот континуитет конкретно на македонската средновековна книжевна традиција и во нејзин контекст на книжевната кртитика која во голема мера останува во сферата на прашањата за континуитет во книжевното создавање, книжевно-творечки и јазичен идентитет, автентичност, оригиналност / преводност итн.

**д-р Валентина Миронска-Христовска**, Институт за македонска литература, УКИМ во Скопје
vmironskah@yahoo.com

**Критичката мисла во македонскиот XIX век**

Во македонската литературен XIX век бележит е и развојот на критичката мисла. За разлика од класицистичкиот рационализам кој имал цел да критикува и поучува определени постапки на човекот, мислења, верувања итн. во XIX век погледот бил насочен кон естетското и идејното. Тоа особено било овозможено од развојот на литературните жанри, од застапеноста на „јазикот на денот", од граѓанскиот поглед, од пристапот до светската литература и преводната дејност. За развојот на острата критичка мисла секако дека придонесле и секојдневните полемики што се воделе по идеолошките, економските, социјалните и верските прашања. Притоа нејзината цел била  успешен развој на македонската литература и култура воопшто.

**Вил Фирт,** слободен преведувач, Берлин
will.firth@t-online.de

**Преведување и пласирање на делата од македонската книжевност на англиско и германско јазично подрачје: Извештај од еден практичар**

Застапеноста на македонските автор(к)и во меѓународни литературни списанија и зборници, во библиотеки и книжарници во светот е многу پониска отколку што би се очекувало дури и за еден релативно мал народ. За оваа состојба постојат разни објективни и субјективни причини кои што авторот ги појаснува со примери од своето искуство како преведувач и неформален литературен агент во последната деценија. Посебно внимание ќе се посвети на немањето систематичен и активен пристап кај надлежните институции, на слабо промислените приоритети при доделување на скудните ресурси, на незнаењето за околностите на странски пазари, и специјално на преоценувањето на моќта на самата македонска литература – со нејзини неоспорни вредности и квалитет – да го привлече интересот на странските издавачи. Од опишувањето на конкретни недостатоци ќе произлезат неколку предлози за подобрување на ситуацијата.

**д-р Александар Прокопиев**, Институт за македонска литература, УКИМ во Скопје
saprokopiev@hotmail.com

**Тројцата книжевни мускетари**
(Д. Дурацовски, И. Џепароски, Е. Лафазановски)

Во оваа расправа авторот се обидува да ги издвои како особени трите творечки профили на тројца македонски интелектуалци, писатели и пред сѐ мисловни личности, кои колку да се разликуваат меѓу себе, носат несомнена доследност во својот авторски и критериумски однос кон литературата, современоста и смислата на живеењето.

**д-р Марија Ѓорѓиева Димова**, Филолошки факултет „Блаже Конески", УКИМ во Скопје
marija.gorgieva@gmail.com

**Книжевната критика: помеѓу науката и книжевноста**

Во системот на книжевнонаучните дисциплини книжевната критика го афирмира посредувачкиот однос не само помеѓу книжевното дело и читателот, туку и помеѓу книжевната наука/теорија и книжевноуметничката, креативната практика, што честопати резултира со нејзините жанровски хибридизации и, во таа насока, со доближување до книжевниот дискурс/жанр. Со оглед на ваквата дисциплинарна предиспонираност, книжевната критика претрпува битни модификации во постмодернистичкиот контекст, обележан со епистемолошкиот скептицизам во науките и со онтолошките трансгресии, манифестирани во бројните интердисциплинарни и интердискурзивни вкрстувања и жанровски хибридизации. Оттаму, поаѓајќи од тезата на Петар Милосављевиќ дека за сфаќањето на суштината на книжевната критика треба да се „испитаат сите нејзини појавни облици, но и нејзините можности", овој текст се фокусира врз елаборирањето одредени „облици и можности" на книжевната критика, коишто произлегуваат од постмодернистичките интеракции меѓу книжевнонаучниот/критичкиот и книжевноуметничкиот/фикционалниот дискурс.
Елаборацијата ќе се реализира на две рамништа: на теориско, преку прегледот на концепциите кои ги промислуваат и терминолошки ги именуваат модифицираните релации критика - книжевност; и на интерпретативно рамниште, преку анализата на книжевни примери кои го демонстрираат книжевното мимикрирање на критиката и, во таа смисла, ефектуираат со промени во дел од нејзините функции.

**Marek Debnar, Ph.D.**, Faculty of Arts, Constantine the Philosopher University, Nitra
marek.debnar@gmail.com

## Literature and the Voices of Silence

The average reader usually doesn't read books or texts: they read authors. We speak of Dostojevsky, Flaubert or Smilevski... but what or who really lies beneath those names? This question will be answered in our study, which is aimed at the analysis of the consequences of the disappearance of the author as a unifying principle organizing meaning and determining the interpretation of the text. It is based on the thought movement, aimed at the displacement of the concept of the author from this dominant position, reflecting the approaches of thinkers such as U. Eco, R. Barthes and M. Foucault. Finally the paper analyzes from this point of view the last Goce Smilevski's novel *The Return of the Words*.

**д-р Гоце Смилевски**, Институт за македонска литература, УКИМ во Скопје
gocesmilevski@hotmail.com

## Критиката и задоволството во текстот

Анализирајќи ги разликите помеѓу читателите и критичарите, како и разликите во нивниот однос кон книжевните дела, Ролан Барт сугерира дека, дури и кога се дефинираат себе како читатели кои пишуваат, критичарите се *обврзани да заземат извесен тон* во однос на делото, бидејќи меѓу нив и делото како посредник се јавува - писмото. Она што е заедничко и за читателите и за критичарите е задоволството во текстот. Понекогаш, тоа задоволство го определува оној *извесен тон* кој критичарите го заземаат во својот говор за делата кон кои се осврнуваат. Задоволството во текстот како доминанта на критичката опсервација е забележливо на повеќе нивоа во книгите „Семеен албум“ (2015) од Весна Мојсова – Чепишевска и „Еден текст и една жена“ (2016) од Оливера Ќорвезироска: почнувајќи од насловите, преку начинот на кој се структурирани и содржински осмислени, до тонот со кој овие две авторки говорат за книжевните дела.

**Оливера Ќорвезироска**, Друштво на писателите на Македонија, Скопје
olivera.korveziroska@telekom.mk

**Расејување на литературата vs самоникнување на критиката**
(прогон или протест на книжевноста со масовно „излегување" од кориците и книжарниците)

Речиси навикнати и соживеани со фактот дека во објавените книги има сѐ помалку уметност, дека талентот тивко заминува од литературата, прогонет од сензација, дрскост, алчност за брза слава, што повеќе продадени примероци и луди нумерички мерки за „најчитаност", „најпопуларност", „најбараност"; речиси помирени со читањето само странска литература (на странски јазик) или домашна, ама исклучиво со дебела препорака од сопствен (не општествен!) компетентен „извор", од пријател или сосед, не од критичар или книжевен работник,.. уште пострашно, залулкани во нечитањето ништо,.. одеднаш се стаписуваме од брилијантни јазични досетки и преведувачки решенија (на Милан Дамјановски и Огнен Чемерски), од чудесно сензибилни и талентирани статуси, коментари (Јордан Гиров), „мемиња" (Милчо Велјановски) и стихови (Ана Голејшка, Quentin Scribbler-Јосип Коцев, Владимир Лукаш), наративни пасажи, цели раскази, море (Влатко Васиљ, Владимир Лукаш), во чисти жанровски или во свежи хибридни форми! Натопени во алузија, зачинети со досетка, потковани со акција, трилер, драма, романса, со маестрално водена фабула и впечатливи наративни вештини за „глуви" и други дијалози, пресврти, поенти, отворени краеви како во најдобриот модернизам, интертекстуални како во најдобриот постмодернизам, таинствени и загатливи како во најдобриот романтизам. Се расеа ли литературата низ социјалните мрежи или покажува граѓанска/културна непослушност масовно излегувајќи од кориците и книжарниците? Ќе стане збор за поттемите Сака ли постот да стане расказ, сака ли твитерџијата да стане писател? и Музиката како книжевност, зборообразувањето како комуникација.

Ако книжевноста се префрли на „ѕидовите" на Фејсбук, критиката ќе се сведе на полето за коментар? Зошто да не! Барем, брзината и на едното и на другото е импозантна. Барем нема молк!

**Санде Стојчевски**, Друштво на писателите на Македонија, Скопје
sandestojcevski@yahoo.com

## Критиката како уметност

Книжевните авторитети што се занимаваат со природата на книжевната критика како дисциплина најчесто ѝ го определуваат местото помеѓу науката и уметноста. Критичките текстови на извесен број автори се приближуваат кон едниот, а на други автори кон другиот пол. Меѓу највозбудливите критичарски дела спаѓаат оние текстови кои на уметничкото дело што е предмет на нивно интересирање му приоѓаат како на составка на светот и кон него пристапуваат со нагласена креативност. Во таа смисла често се нагласува дека „критичарот не се однесува поинаку отколку неговиот ривал, поетот или романсиерот", дека „литературата за литературата и самата е литература" (Жорж Пуле) и дека соочен со книгата критичарот им подлегнува на истите услови на исказот како и писателот (Ролан Барт).

**д-р Ленка Татаровска**, Институт за македонска литература, УКИМ во Скопје
l.tatarovska@gmail.com

**Богоборството - критика на Светот**

Идејата да се критикува поставеноста и суштествувањето на Светот е мошне стара. Нејзината драма се одвива, пред сè, во сферите на митско-религиозното, преку мистично-анархичното, па сè до атеистичното. Во нејзината основа лежи страстното и непомирливо „Не“; бунт на личноста и нејзиниот патос за неприфаќање на Светот. Да се биде поборник-идеалист и да се критикува место да се молчи, цврсто да се застане против светувањето на овој несовршен свет, подразбира една молњевита обезбоженост, еден „Ерос на Невозможното“, кој на крајот најчесто завршува со изобилие на трагична естетика. Древната реч, или јазикот како гигантски инструмент на уметноста, со милениуми сведочи за тоа. Непремостлив е јазот меѓу обичните смртници населени на земјата и вечните привилегии на боговите од небото. Во таа смисла, и денес останува да важи начелото на орфичарите: „Олимп е насмевката на Бога, а солзите се човечки род“. Човекот, тој тажен гостин на земјата, роден во таа „Бело-Арапија“, во себе има мешавина од бунтовно, хаотично и титанско, сето тоа инфицирано со вирусот на материјалниот првобитен грев, за кој е неопходно постепено искупување.

Критиката за неприфаќање на Светот создаден од Бога и желбата за негова преобразба, се одвиваат во димензиите на големата духовна потрага на исклучително силните личности. Таа е некаде на границите меѓу задолжителните и безусловни норми, воспоставени преку категориите „Да“ и „Не“ и нивните антиномии. Во тој нов и силен тип на критично настроени души не учествува сеопштото човечко „јас“, познато како „сите во едно“, туку овде имаме пренагласен индивидуален бунт на личноста. Таа смело се дрзнува да го критикува Творецот на Светот, како главен архитект и моќен виновник за поставеноста на светското зло. Тој храбар и одважен исчекор ја претставува изразената сончевина на Богоборците. Тоа сончево начело води кон самоутврдување и богоборство, со кое се бара поубав, поправеден и почовечен свет полн со љубов. Критички настроените сончеви двојници низ историјата ги има безброј, а ние овде ќе споменеме само некои од нив: Прометеј, Адам и прекинувањето на молкот во Едем, Орфеј, Исус, Каин, Тантал, градителите на Вавилонската кула, Крали Марко, Дон Кихот на Сервантес, Иван Карамазов на Достоевски и уште многу други.

**д-р Вера Стојчевска-Антиќ**, Филолошки факултет „Блаже Конески“, УКИМ во Скопје
vera39antic@gmail.com

## По критичката мисла на Блаже Конески

Пред да преминам кон приложениот наслов, на 2 септември оваа година доживеав една извонредна промоција на делото на колешката Оливера Ќорвезироска со 47 критички осврти. Преполната сала со нескриено задоволство ги воспримаше живите слики, со заклучок дека имаме книжевна критика.

Со оглед на моето искуство во врска со градењето на 5-томната Историја на македонската книжевност, по овој повод сакам да ги поврзам констатациите за нашата критика.

**д-р Васил Тоциновски**, Институт за македонска литература, УКИМ во Скопје
vtocinovski@hotmail.com

## Критичкиот молк за книжевноста за деца и млади

Во општиот молк на македонската критика најмногу засегната е книжевноста за деца и млади. Нејзината продукција не се следи, нема прикази уште помалку студии за автори и дела, таа не е присутна во периодиката. Во традицијата и континуитетот на современата македонска литература единствено таа не остварува генерациски наследници што секако ги загрозува идните перспективи и естетски вредности на творештвото. Немањето нови имиња само по себе го потврдува и отсуството на нови книжевни дела. Во ваквите состојби сопствена вина има и критиката за која по некое непишано правило едноставно не постоела книжевноста за деца и млади.

**д-р Елена Јовановска-Грујовска**, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", УКИМ, Скопје
elenajovanovagrujovska@yahoo.com

### Критика и молк за македонскиот јазик

По седум децении од кодифицирањето на македонскиот јазик, како да се изморивме од изучување, проучување, негување и употреба на стандардниот македонски јазик. Се зголемува бројот на учениците што образованието во Република Македонија го стекнуваат на еден од светските јазици, а не на македонски. Финансирањето на проектите од областа на македонската граматика и литература одамна е прекинато. Во повеќето електронски медиуми нема вработено лектор по македонски јазик. Во јавните обраќања на луѓето слушаме повеќе странски од македонски зборови.

До кога молк за состојбите со македонскиот јазик?

**д-р Драгица Поповска**, Институт за национална историја, УКИМ во Скопје
dragicapopovska2009@gmail.com

### Општествени вредности: Аспекти на појавност, трансмисија и конфликт

Предмет на интерес на овој труд е колективната/општествената меморија, односно општествено споделените идеи, перцепции, вредности и практики кои обезбедуваат контекст во кој граѓаните или групите се сеќаваат на своето минато. Анализата на периодите пред и по осамостојувањето на Македонија, во овој домен, ги прикажува аспектите на појавност и трансмисија на вредностите во рамките на општеството како „мета наративи", како и начинот на кој истите се проблематизираат и доведуваат до конфликт.

**д-р Лидија Стојановиќ -Лафазановска**, Институт за фолклор „Марко Цепенков", УКИМ во Скопје
lidijast@ukim.edu.mk

## Архиви на молкот: Структурна амнезија

Целта на овој труд е потсетување на некои битни ставови од критичката етнологија и антропологија и нивното присуство/отсуство во Македонија. Во оваа смисла ќе бидат продискутирани концептите: структурна амнезија, историчност и траење (Баузингер), догматизирана народна култура (Кестлин), симболичко насилство (Бурдје), потонато културно благо (Науман) и сл.

Тука сè надоврзувам на Баузингеровото предупредување дека етнологијата како научна дисциплина мора и треба да претставува коректив на општествените аномалии (1971); концепт, кој, поради стравот и молкот предизвикан од него, наиде на неверојатно голем број обожаватели, но не и на ист процент наследници во меѓународната етнологија и фолкористика.

**д-р Данијела Костадиновић**, Филозофски факултет, Универзитет у Нишу
danijela.kostadinovic@filfak.ni.ac.rs

## Читање критике: научно дело Христа Георгијевског

Рад се заснива на испитивању могућности читања научног дела Христа Георгијевског, некадашњег редовног професора Филолошког факултета у Београду. Циљ рада је да укаже на улогу, значај и допринос књижевнонаучних и књижевнокритичких судова Георгијевског савременој македонистици и компаративистици.

**д-р Кристина Николовска**, Филолошки факултет „Блаже Конески“, УКИМ во Скопје
nikolovska_17@yahoo.com

## Зошто жанрот беседа?

Рефератот има потреба да покрене серија прашања за личното, авторско љубопитство: „Зошто жанрот беседа сè повеќе ме плени?“ Како автор на беседи и промотор дела и на културни настани, гласно се прашувам кои квалитети и суштини ги има беседата како жанр и од каде потребата од неа? Во време-невреме за ораторите, особено оние на епидеиктиката, се прашуваме чуму потребата од овој вид? Во време кога веќе нема беседници, рапсоди, ораторски толкувачи, но и се помалку вистинска критика, особено *креативна критика,* сакаме да отвориме полемика за суштинскиот недостаток од вистинска беседа. И да се потсетиме на достигнувањата на драгоцените оратори и беседничари од македонскиот литературен контекст.

**Roman Kralik, Ph.D., Martina Pavlikova, Ph.D.,** Faculty of Arts, Constantine the Philosopher University, Nitra

## Karel Kryl as a critic of unfreedom and poet of silence

The paper analyzes Kryl's poems in which is emphasized criticism of "silent society" - reconciliation with destiny and with the occupation. The paper also analyzes human attitudes such as cowardice, denunciation, exploitation of others for personal gain, Kryl's desire for freedom and rejection of the system. The paper highlights Kryl as a poet, who emphasizes the "silence" as a weapon against the "system".

After emigration in 1968, Karel Kryl worked for Radio Free Europe - and performed on concerts, especially for immigrants. After the revolution in 1989 Kryl returned to Czechoslovakia where he criticized new political conditions. In his opposition songs he referred to the freedom of an individual and highlighted the importance of free decision-making. At the same time, Kryl could not reconciled with the occupation of Czechoslovakia. The sedge is growing on the riverside apparently they arrived on time but rushed like a whirlwind silent over the country bats growl and dumb nation is beaten by the officers.

**д-р Калина Малеска**, Филолошки факултет „Блаже Конески“, УКИМ во Скопје
kalina.maleska@flf.ukim.edu.mk

## Молк во преиспитувањето на големите имиња од македонската книжевност

Овој текст поаѓа од претпоставката дека критичкиот пристап кон анализа на одредени македонски книжевни дела, особено делата на оние автори што се сметаат за многу значајни во македонската книжевна историја, во последниве години не е многу сменет во однос на критичките пристапи што доминирале при крајот на минатиот век. Целта на ова истражување е да ја потврди или да ја негира оваа претпоставка низ неколку студии на случаи – имено, ќе се истражуваат критичките осврти на избрани дела од Славко Јаневски и Петре М. Андреевски објавени од 1980те години до денес. Со оглед на тоа дека секој критички осврт е неизбежно различен од секој друг, целта не е да се утврдат разликите од еден до друг поединечен критички текст, туку да се забележи употреба на одредена методологија во анализата и да се истражи дали има промени и новости во методолошките алатки што се употребувале пред три-четири децении и денес. Мотивацијата за ваквото истражување потекнува од впечатокот дека делата на сите големи автори, од кои овде Јаневски и Андреевски ќе бидат земени само како два можни примери, се истражуваат во поглед на различни теми, но секогаш со однапред прифатено гледиште дека нивната позитивна евалуација не може да биде доведена под прашање. Од друга страна, пак, недостигаат марсистички, феминистички, деконструкциски, меѓу другите, пристапи во критиката, што би придонеле кон преиспитување на делата на големите автори, барем во поглед на некои аспекти.

**d-r Katja Bakija**, Sveučilište u Dubrovniku
kbakija@unidu.hr; katja.bakija@gmail.hr

**Književna kritika danas i u dubrovačkom almanahu iz sredine 19. stoljeća *(Dubrovnik cviet narodnog knjižtva, Zagreb 1852.)***

Svako temetiziranje književnokritičkog diskurza u suvremenom kontekstu svjedoči o vremenu getoizacije i sumraka današnje književne kritike. Književna kritika definitivno je izgubila svoju moć afirmacije autora i oblikovanja književne i kulturne scene te se u svijetu brzine i površnosti svela na promotivnu informaciju o izlasku knjige iz tiska. Time je izgubila i mogućnost obrazlaganja kao svog temeljnog postupka te se pred politikom povlači u časopise, a vrjednosnom sudu književne kritike ne ide u prilog ni predrasuda o kritičarima kao nerealiziranim (ili lošim) piscima. Ilustrativno je stoga današnjem položaju književne kritike suprotstaviti nastojanja jednog od urednika prvog književnog časopisa na hrvatskom jeziku u Dubrovniku (*Dubrovnik cviet narodnog književstva (knjižtva), Dubrovnik – Zagreb (1849. – 1852.)* Matije Bana koji u svom tekstu „Književno razsudjivanje" piše o potrebi ozbiljne i utemeljene književne kritike, o moralnoj odgovornosti kritičara, prijeko potrebnom osjećaju samokritičnosti i pogubnosti uvjerenja o vlastitoj nepogrešivosti. Također ističe potrebu neovisnosti književnosti, književnika i kritičara od politike, a kritičara vidi kao moderatora književnih kretanja.

**д-р Жељко Милановић**, Филозофски факултет, Универзитет у Новом Саду
zmilanovic2000@yahoo.com

**Студентске антологије македонске поезије између критике и формалног избора**

У раду се истражује однос према уметничкој вредности македонске поезије 20. века који имају студенти српске књижевности на Филозофском факултету у Новом Саду. У покушајима да се избегне бирократска формализација знања испитом у коме се искључиво репродукује познато књижевно-историјско знање о македонским песницима, у последње две године покушали смо да истраживање македонске поезије усмеримо ка стварању антологија поезије које би се организовале око критеријума који студенти сами бирају (тематски, жанровски, формални...). На тај начин је настало 80 антологија македонске поезије у којима смо упоредном анализом истражили однос између критичког приступа и формалне потврде постојећег канона. Закључци говоре о креативним предностима антологијског приступа верификацији знања али и о могућностима критичког превредновања, успостављања нових вредности али и очувања заборављених и/или нарушених интеркултурних односа.

**д-р Виолета Димова**, Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип
vg_dimova@yahoo.com

## Молкот во образованието

Феноменот на молчењето, заслужува детална анализа, бидејќи молчењето можеби подобро нè опишува од било кој говор и било која искажана мисла. Прашањето е кога, зошто и за што молчиме, како единки, како народ, или како некоја социјална подгрупа.

Молчењето, како еден од најинтересните комуниколошки феномени зазема релативно скромно место во теориските елаборации, иако денеска се судруваме со т.н. „култура на насилство" во сите сегменти на општественото живеење. Така, можеме да зборуваме за молкот, наспроти насилството во сите степени на образованието, каде што овој „неславен патент на нашето време" може да се разгледува од аспект на теоријата на Другиот и Другоста, наспроти Јас и Јаството. Го спротивставуваме молкот наспроти насилството, зашто и молчењето на некој начин го сфаќаме како насилство врз слободата на говорот, што е всушност еден вид на социјално изразување на моќта, особено ако замолчувањето во сите свои манифестации се разбере како суспензија на демократското право на говор за сите учесници во образовниот систем.

**д-р Марина Даниловска**, Филолошки факултет, Државен универзитет во Тетово
danilovskamarina@yahoo.com

## Женското прозно писмо во Македонија

Тргнувајќи од податокот дека во книжевната историја се соочуваме со една линеарно поставена апсолутност, односно доминација на машкото писмо и маргинализација на литературата создавана од жените авторки се решивме во овој труд да направиме преглед на женското прозно писмо создавано во Р. Македонија. Мојсова-Чепишевска ќе напомене дека причината за сето ова „лежи во „структурната" претпоставка дека таму каде што има литературна/уметничка практика нема жена, и обратно, таму каде што има жена не постојат услови да има литературна/уметничка практика." Ние, на овие наши простори, се соочуваме со маргинализација на ова писмо, а потврдата за тоа ја наоѓаме и во податокот што ни го предочува Јасна Котеска, која вели дека само 2,7% женски имиња наоѓаме во „Историјата на македонската книжевност XXвек" од Миодраг Друговац.

Женското писмо веќе неколку децении постои и опстојува во Македонија, иако податоците говорат дека тоа егзистирало и од многу поодамна или уште во пеењата во собраните македонски народни творби. Почетоците на романескните остварувања на автор(к)ите се јавуваат во шеесеттите години од XX век, додека кон крајот на XX-тиот и почетокот на XXI век се забележуваат сè позачестени прозни остварувања од нашите автор(к)и, каоко што се: Ката Мисиркова – Руменова, Лилјана Белева, Оливера Николова, Лидија Димковска, Весна Ацевска, Драгица Најчевска, Гордана Стојковска, Елена Кожухарова и многу други. Карактеристично за женското писмо (ecriture feminine) е тоа што жената е субјект кој создава, таа говори, не премолчува, не молчи, не се потчинува, а низ приказната нè води женскиот глас.

**Andrej Gogora, Ph.D.**, Faculty of Arts, Constantine the Philosopher University, Nitra
gogora@gmail.com

## Criticism in the face of digital data

The contribution aims to raise an issue of digital data and utilization of digital tools in the practice of contemporary criticism in humanities. In this respect, the following themes are included: digital resources building, global access to knowledge, mapping the digital criticism projects, digital vs. traditional methods in criticism in humanities, digital enhancement of analysis and outputs... The purpose is to draw attention to the main potentials as well as threats of digital research in humanities and criticism.

**д-р Елизабета Баковска**, Институт за општествени и хуманистички науки, Скопје
bakovska@t.mk

## *Qu'est-ce qu'un auteur?*: Чудниот и необјаснив случај на Блаже Миневски

Преку алузијата на два наслова -- оној на познатиот есеј на Мишел Фуко *Што е авторот* и на статијата на Роберт Верник *Чудниот и необјаснив случај на Езра Паунд*, овој труд ќе се обиде да го разгледа феноменот на рецепцијата и критиката на (ликот на) авторот наспроти неговото дело. Зборовите на Фуко: „навикнати сме да мислиме дека авторот е толку различен од сите други луѓе", добиваат сосема ново значење во тековниот македонски контекст во кој длабоките политички и/или идеолошки поделби од последниве десетина години создадоа јавен дискурс во кој писателите (како и сите други личности кои се занимаваат со култура) се чувствуваат скоро обврзани јавно да се произнесат во однос на општествените состојби. Ваквите произнесувања, вон книжевните дела на тие автори, преку традиционалните или новите медиуми, во јавноста наидуваат на критика која, освен што се однесува на нив самите, често се прелева и на делата на тие автори. Така, критиката која се однесува на етичката димензија, па во некои случаи дури и на здраворазумноста на јавно искажаните размисли и судови на авторите, неретко станува и критика на квалитетот на нивните дела, па дури и проблематизирање на нивниот идентитет како автори.

При ваквите состојби, се наметнува прашањето за (традиционално) перципираната симбиоза на авторот и неговото дело, за очекувањата кои позитивната критика за едно дело ги наметнува и за ликот на неговиот автор, како и за (не)способноста делото да се воспримеи и да се оценува независно од неговиот автор.

Трудов ќе се обиде ваквиот феномен да го разгледа и да го анализира преку скорешниот случај со колумната на познатиот македонски прозен автор Блаже Миневски насловена *Антимакедонска револуција на дело: По спомениците, „шарената револуција"ќе се сврти кон библиотеките и книгите?!* објавена во весникот „Дневник" и јавните реакции на неа.

**д-р Мишел Павловски**, Институт за македонска литература, УКИМ во Скопје
mpavlovski@iml.ukim.edu.mk

## Македонска театарска критика: текови и процеси

Рефератот ќе ги теоретизира главните текови и процеси во македонската повоена театарска критика, функцијата, улогите и влијанието на критичката мисла во македонскиот театар, како и видовите на критичкото промислување на театарот. Македонската театарска критика се пројавува во разни видови. Во зависност од периодот и доминантните естетски, културни и општествени контексти, критиката добива или губи на значење, ја менува својата форма или улога. Истото важи и за авторитетот на театарските критичари кои се пројавуваат со свои ставови во медиумите.

**д-р Ана Стојаноска**, Факултет за драмски уметности, УКИМ во Скопје
arcanna10@gmail.com

## Театарската критика во Македонија – да или не?

Веќе подолго време во Македонија нема сериозна театарска критика (со мали исключоци). Поради комплексниот однос на темата, ова истражување е базирано да направи преглед на театарската критика во Македонија во последниве дваесетина години и да ги детектира проблемите за непостоењето на истата. Истражувањето тргнува од краток историски преглед на македонската театарска критика, одзивот и рецепцијата на истата, како и преглед на тековната состојба. Бидејќи театарската критика е еден од најзначајните и денес релевантни фактори за валоризација на театарските претстави, сметам дека треба да се проговори за односот на нашата културна јавност кон театарската критика.

За таа цел се користени адекватни научни инструментариуми на современата театрологија. Бидејќи театарската критика има сличен однос како и книжевната, сметам дека ова истражување ќе придонесе за комплетирање на сите различни сфери на истражување на оваа конференција.

**Владимир Јанчевски**
историчар на уметноста, независен истражувач
janchevski@gmail.com

## Критички интеррегнум? (Ест)етички конструкции и форми на не-вербална критика по „сликовниот пресврт"

Прашањата врзани за состојбата на ликовната критика, за нејзината дефиниција, фунција и ефективност, како и незиниот стаус, неопходно е да се поставaт низ призмата на констатацијата за нејзината парадоксалност во сегашноста како ера на несопирлива фрагментација на општествената сфера и дезинтеграција на институциите на културата под ударот на неолибералниот пазарен фундаментализам. Демократизацијата на полето на културната рецепција, а потоа и на културната продукција овозможени преку напредокот на технологиите за „креирање слики" и брзината на комуникацијата, покрај евидентните еманципаторски потенцијали, доведе и до неизбежна опасност од релативизам и дисперзија, на масовна продукција која резултира со нејзина непрегледност, непрепознатливост, а оттука и нерелевантност. Нераздело врзана за неизбежните трансормации во уметничката продукција и новите теории за уметноста и визуелноста, проследени со постојани повици и обиди за ре-конституирање и де-фрагментација, состојбите со критиката се аналогни и со состојбите во уметноста среде енормна заситеност од информации, чие поле Борис Гројс го определува како „општество на спектаклот без гледачи".

Поаѓајќи од полемичката книшка „Што се случи со ликовната критика?" (2003), на Џејмс Елкинс, во овој текст ќе бидат издвоени клучните дилеми и разлики околу поимањето на критиката во поширокиот глобален контекст, за потоа да бидат разгледани и неодамнешните обиди за констатирање на состојбите во локалниот контекст, меѓу кои е симпозиумот организиран од здружението АИКА во декември 2014 година. Притоа се наметнува прашањето, Дали секој обид за констатирање, сумирање на искуствата и систематизација неизбежно води кон дополнително дефокусирање и фрагментирање, кога се чини дека ургентноста во повиците за консолидација по констатирањето на кризата е повеќе израз на конфузијата или празна реторика на наводната загриженост, и се базира на зачувување на разнишаните позиции, некритичка реставрација на модели и методологии кои се одамна неодржливи, и интерпретативни рамки кои се несоодветни и неефективни?

Со фокус кон влијанието на историско-уметничката херменевтика и критичката иконологија и зголемениот интерес за поширокиот (вон-уметнички) домен на визуелното после т.н. „сликовен (иконички) пресврт" од средината на 1990-тите, како и преку разгледување на „пара-критички" модели и форми на не-вербална уметничка критика и валоризација (пред сè, одредни визуелни уметнички и кураторски практики), ќе биде направен обид за преиспитување на „критичкиот интеррегнум" и алтернативите за пре-мостување или пре-врамување на некои неразрешени групи на проблеми околу улогата на историјата на уметноста и ликовната критика.

**д-р Наум Пановски**, Poiesis Theatre Project, Њу Јорк
naum@PoiesisTheatreProject.org

**За македонскиот молк и замолк**
(белешки на маргините од македонската драмска литература)

Без амбиции да биде сеопфатна анализа, ова согледување-излагање ќе се осврне на феноменот на молчењето, покорноста, помирливоста со постојното, и пејсажот на стравот од промени, што како тенка црвена нишка отсликува една сериозана самодеструктивна матрица во македонскта традиција и култура. Овие согледувања се истовремено и резултат на едно повќегодишно следење и бележење на дисторциите и аномлаиите на маргините на главните литерарни и перформативни процеси во создавањето на нови наракции во Македонија.

**Петар Волнаровски**, Кинотека на Македонија
виш филмолог
petarvolnarovski@yahoo.com; petarv@maccinema.com

**Молкот на критиката во 21. век – став, немоќ или нешто трето?**

Поширок преглед и поглед – од социолошки, културолошки, комуниколошки и психолошки аспект – кон културниот, уметничкиот, културно-теорискиот и критичкиот контекст на стручната уметничка и културна критика кон крајот на 20. и почетокот на 21. век... Во оваа – есеистички интонирана и оформена – анализа на состојбите на критичката мисла и свест за литературата и културата општо, се актуелизираат основните контексти (услови, мотивации и потреби, како и пречки и неможности) на уметничките, литературни и културни феномени – од аспект на нивната стручна перцепција (уметничката и културната критика итн.). Се актуелизираат прашањата од типот: „Можна ли е реално стручна критика во ова време на комерцијализација на сите вредности, па и на уметничките, критичките и теориските?", „Дали консумеризмот (пазарната вредност) *ја убива* естетиката (уметничката вредност) на културата и уметноста?", „Дали уметничката и културната критика се претвораат во некаков нов вид на *стручна (авторитарна) реклама*, односно во општествено прифатена *пазарна промоција* на новосоздадениот *културен комерцијален производ*, итн...?

Понатаму, како горливо прашање на кое треба да се даде одговор *што поскоро*, се разгледува појавата на *повладување на уметноста, културата, теоријата и критиката – кон публиката,* наместо обратниот случај, како порано, кога *публиката се повладуваше на стручната културна & уметничка критика и теорија...*? Кој вредносен и естетски систем е елементарно поблизок и суштински покорисен за човекот општо, за негов вистински свесносен раст – од колективен и општествен, како и од личен аспект...?

**м-р Дарин Ангеловски**, Институт за македонска литература, Скопје
angelovskidarin@gmal.com

**Интернет и литература: македонски онлајн книжевни конкурси**

Трудот поаѓа од сфаќањата за Интернетот како техничка, економска и идеолошка алтернатива на традиционалниот книжевен живот пред бумот на дот ком (.com) ерата. Размерите на електронската книжевна продукција како и обемот и карактерот на нејзината рецепција од последните две десетилетија го потврдуваат потенцијалот на оваа технологија во развојот и популаризирањето на скоро сите видови на литература. Во контекст на уметничката литература, „глобалната мрежа" се профилира во комуникативна средина која ја гарантира слободата на книжевното дело и на авторот благодарение на достапноста до јавноста, ниските трошоци за објавување и релативно слабиот критички однос.

Имајќи ги предвид овие услови во кои опстојува книжевниот текст во глобалниот виртуелен простор, вниманието ќе биде насочено кон состојбите со македонските онлајн книжевни конкурси. Анализата во ова истражување ќе се фокусира на првиот македонски онлајн книжевен конкурс за расказ „Електролит" (2006; 2007), кој пред себе си ја имаше поставено целта да ја презентира и афирмира литературата пишувана на македонски јазик од помлади и од недоволно познати автори, подложувајќи ги на отворена дискусија и оцена пријавените дела.

**Јованка Попова**, Здружение за современа уметност и кураторски практики „Проектен простор Прес ту егзит"
историчар на уметност и куратор
jovanka.popova@gmail.com

**Уметничката критика во поделено општество**

Намерата на текстот е да се преиспита улогата на уметничката критика денес, кризата на нејзиниот идентитет условена од различни социјални, идеолошки, културни и етички фактори. Истовремено се адресираат прашања за обраќањето на уметничката критика кон различни аспекти на општествениот конфликт и решенијата кои таа може да ги понуди. Уметничката критика, често „затворена" во полето на сопствената експертиза го занемарува фактот дека „уметноста е комуникација чија порака треба да е разбрана". Оттука, важно е да се постави прашањето кој е контекстот во кој уметничкиот критичар делува и која е неговата целна публика. Истовремено текстот се обидува да одговори на прашањето: како да се развие критички став и кои се еманципаторски тактики со кои треба да се служиме во рамки на критичко-уметничкиот домен, со намера критиката да стане ефективна и општествено корисна?

**д-р ВангелНоневски**, Универзитет „Евро-Балкан“, Скопје
vangelnonevski@gmail.com

## Изгубени во приказната: Скопје 2014 и делегитимацијата на македонскиот национален мит

Излагањето треба да понуди критички третман на наративниот аспект на проектот „Скопје 2014“. Кога велиме наративниот аспект мислиме на оној негов обид за „легитимација“, кој се обидува да го оправда како проект кој треба да надомести дел од македонската приказна/историја која била запоставена во досегашниот однос кон скопскиот (македонскиот) јавен простор. Тргнувајќи од ставот дека секоја национална историја претставува митологизирана приказна, која остава простор за безмалку арбитрарни глорификации (на фонот на критичкиот третман на националистичките историски дискурси на Ерик Хобсбаум и Бенедикт Андерсон), идеолозите на проектот тргнаа од претпоставката дека и македонската историја може и треба да биде подвргната на сличен третман. Проблемите кои се јавуваат од вака трасираниот пат се бројни. Прво, се губи од вид тенката граница помеѓу приказната и симулацијата, особено во ера кога идејата за националниот мит е демистифицирана. Второ, наместо континуитет (ризоматика), проектот тргна од корен да го преиспишува националниот мит. На тој начин, наместо да го бетонира митот (што е, всушност, мотивацијата зад секој сличен потфат), тој ја пласира приказната за Македонецот како десубјективизиран фактор на регионалната сцена, кој не може да се реши која приказна да ја следи: „старо-новата“ или модернистичката. Трето, новопредложената приказна, во својата конкретизација, се базира на една сценографија својствена за споменичната уметност во некои тоталитарни држави, што е пародија за себе, имајќи предвид дека идеолозите на проектот тргнаа од ставот дека социјалистичката власт од претходниот политички систем била тоталитарна. И конечно, доколку се повикаме на Ничеовиот ресантиман и неговото сфаќање на поимот антикварна историја, „Скопје 2014“ претставува фасцинација со очајничкиот и залуден обид за победа на она што е непобедливо (траумата од „заборавеното“ минато). А таа фасцинација со ненадоместливото е актуелна секогаш кога субјектот се наоѓа во состојба на импотентност во однос на она што треба да го понуди *сега*.

**д-р Валентина Поцеска**, НУ Национален конзерваторски центар
советник конзерватор
poceska@gmail.com

## Критиката во доменот на конзерваторската пракса

Конзерваторската пракса во светот низ целиот период на 20.век до денес се соочува со неброени дилеми произлезени делумно од соочувањрто со самиот предмет на работа, а уште повеќе со многубројните теории на конзервација кои се исклучително критични едни кон други. Целта на овој труд е да се преиспита состојбата во македонската конзерваторска пракса согледана од следните аспекти: а) критичкиот однос кон различните конзерваторски теории, б) критичкиот однос кон сопствените решенија во контекст на изведбата на конзерваторски проекти; в) критичкиот однос кон квалитетот на изведбите; г) критичкиот однос на јавноста.

**м-р Сарита Трајанова**, Институт за македонска литература, УКИМ во Скопје
vtsarita@yahoo.ca

## Критичко мислење и аргументација

Во овој труд ќе се осврнам на аргументацијата како клучна компонента во процесот на критичко мислење и заклучување. За овој начин на докажување по пат на значајни логични докази потребно е многу повеќе знаење, фокус на вниманието, претходно информирање за темата, искуство, упорност, одлучност, но и коректност во исказот. Често пати се случува нечие гледиште (аспект) да се поистоветува со аргумент, но тоа е само нечиј агол на гледање, лично искуство кое може да биде замаглено од сопствените убедувања и предрасуди. Заради тоа гледиштето (аголот на гледање) мошне често и се разликува од човек до човек, што е сосема очекувано. Луѓето најчесто се согласуваат со оние гледишта кои се најмалку спротивставени на нивните. Но, без оглед дали се согласуваме или не се согласуваме со нечие гледиште, тоа согласување или несогласување не претставува аргумент кој докажува дали некое тврдење се оправдува или отфрла. Не се ретки примерите кога некој изнесува позитивна или негативна критика не врз основа на тоа „што е кажано", туку зависно од тоа „кој кажува". Или со доминацијата на Интернетот, често се критикува врз основа на насловот на текстот, без истиот да се прочита.

Мојата насоченост кон аргументите во оваа тема е затоа што тие се клучни средства во секоја наука, критика, расправа и дијалог. Ќе бидат претставени повеќе автори меѓу кои King и Strohm Kitchener, кои опишале една особено важна димензија на критичкото мислење, а тоа е односот кон знаењето и процесот на осознавање. Вистинското критичко мислење е неспоиво со „апсолутистичкото" сфаќање на знаењето, туку тоа се сфаќа како конструкција од релативна вредност, се прифаќа дека знаењето е секогаш помалку или повеќе неизвесно и се наоѓа во континуиран процес на развој, како и тоа дека е контекстуално одредено.

**м-р Александра Соколовска Јуруковска**, ДККМ
a.sokolovska@gmail.com

**Егзилот на критиката низ медиумите: Случај Македонија**

Трудот се занимава со истиснувањето на книжевната критика од медиумите во Македонија. Спојувајќи ги новинарството и книжевноста, низ ракусрот на егзилот, текстот се обидува да даде критика на состојбата во новинската критика во Македонија, со немањето одглас за книжевноста низ медиумите, со нејзиниот „прогон" на последните страници од весниците или во последните минути и секунди од информативните изданија на радијата и телевизиите.

Следејќи ги светските тенденции на таблоидизација на страниците за култура во печатените медиуми, на регионалната „пинкизација" на електронските медиуми, текстот дава преглед и на неколкуте /последните светли примери на книжевна критика во македонските медиуми, со посебен акцент на нивната скромна должина од 40 реда или цели 2 минути новинарски текст.

**м-р Елена Пренџова**, Друштво на писателите на Македонија, Скопје
fanciel2005@yahoo.co.uk

**Книжевната уметност vs книжевната продукција во Македонија**

Трудот има за цел да ги дефинира и претстави книжевната уметност и книжевната продукција во Македонија и да ги разграничи овие две навидум слични, но суштински многу различни книжевни струења. Преку примери од современите дела, најчесто на младите автори, упатува на нивните меѓусебни разлики во целите, стилот, содржините и вредностите. Трудот, всушност, се занимава со неколку книжевни подгрупи и струи: институционализираната книжевност, елитната книжевност, меинстрим книжевноста, книжевноста на социјалните мрежи и епигонството – сите детално дефинирани и толкувани преку компаративистичкиот пристап и бинарната опозиција стандард–квалитет. Се укажува и на нивното влијание на културата воопшто, но и на взаемното влијание на книжевноста и културата, како и на книжевноста и духот на времето (*Zeitgeist*). Накусо, трудот (се обидува да одговори) одговара на прашањата: Што е книжевна уметност/ книжевна продукција?; Што условило за нивната појава/ опстојба?; Зошто и по што се разликуваат?; Која е опасноста ако не се разграничат една од друга?

**д-р Стефан Влахов-Мицов**, Институт за национална историја, УКИМ во Скопје
svlakhovmitsov@yahoo.com

**Партиски и конјунктурни обврски на македонската критика пред и по 1991 година**

Рефератот има четири главни аспекти:

1. Идеологијата како аргумент за расчистување со “непослушните” писатели.
2. Класифицирањето на творците по генерации - форма на контрола како во касарната, така и надвор од директната идеолошка шема.
3. Двојна улога на критичарите како писатели и на писателите како критичари - можност за меѓусебна контрола.
4. Службите за безбедност - адут за контрола врз творците и можност за расчистување меѓу самите творци.

База за рефератот е творештвото на македонските творци Ацо Шопов, Гане Тодоровски, Анте Поповски, Петре М. Андреевски, Раде Силјан и други.

**д-р Африм А. Реџепи**, Институт за македонска литература, УКИМ во Скопје
aa_redzepi@yahoo.com

**Протонизам – од теорија во практика (примери врз балканските литератури и уметности)**

Протонизмот е еден од поновите интерпретативни методи во истражувањето на книжевните и уметничките дела. Особено е значаен за компаративните истражувања, пред сѐ, во нашиот случај, во балканските литератури и уметности. Поткнуван од прагматизмот на Џон Дјуи, основачот Ѓеке Маринај, ја замисли интепретацијата на естетскиот објект преку петте поими: вистината, истражувањето, реституцијата, протонизмиотиката и етиката. Преку петте принципи, интерпретот односно критичарот, треба да го почитува кодот наречен квадратна еквација, со цел да го дофати протонот плус, првиот пријатен ефект на текстот.

**м-р Кристина Димовска**, Институт за фолклор „Марко Цепенков“, УКИМ во Скопје
amato.maya@gmail.com

**Преглед на позначајните критички коментари за прозаистичкиот опус на академик Блаже Конески**

Истражувачкиот труд претставува реминисценција на соработката во рамки на проектот на МАНУ - *Целокупни дела на Блаже Конески*, критичко издание во редакција на академик Милан Ѓурчинов и, посебно, на том IV (2014), посветен на прозаистичкиот опус на Блаже Конески (*Лозје*, *Дневник по многу години*, *Таблица первaja*), под раководство на академик Катица Ќулавкова.

Истражувачкиот труд претставува преглед на позначајните критички коментари на релевантни теоретичари, автори, ерудити (Атанас Вангелов, Милан Ѓурчинов, Георги Старделов, Цане Андреевски, Благоја Иванов, Радомир Ивановиќ, Соња Стојменска-Елзесер, Јасмина Мојсиева-Гушева... ), кои дале свој придонес во критичката мисла, што го третира прозаистичкиот (фикционален) опус на академик Блаже Конески.

Целта на трудот е да се претстави помалку истражениот, и во сенка, прозаистички придонес на академик Блаже Конески, низ оптиката на речта пишана за неговите единствени (објавени) прозаистички текстови.

Како најподатливи методи, трудот ги ползува позитивистичкиот, филолошкиот и стилистичкиот метод.

Заклучокот на трудот треба да ја исцрта дискрепанцијата меѓу генерално позитивната оцена на поетскиот опус на академик Блаже Конески, во споредба со резервираниот критички став за неговите прозаистички достигнувања.

**м-р Александра Пауновић**, Универзитетска библиотека *Светозар Марковић*, Београд
ale.paunovic@gmail.com

**Песничко одгонетање града – Влада Урошевић и Раша Ливада**

Оглед проматра начине *опросторавања* града у песништву двојице песника Владе Урошивећа и Раше Ливаде. Интензивно присуство дискурса *урбаног* унутар књига стихова *Суви дан* и *Карантин* генерише песмотворну енергију слободног/невезаног стиха око визија просторне отворености и/или затворености. Позиција лирског субјекта, 'испресецана' динамиком геопоетике, геоимагинације положена је у темељ архаичне везаности за земљу, али се ти митски обрасци код обојице песника деконструишу и расклапају искуством модерне субјективности. *Траг/знак* деконструкције промишљаћемо на темељу односа блискости концепција лирског субјекта и урбаних простора, на рубним местима међусобних сустицаја. Како су форме *опросторавања* Ливадиног Београда (Земуна) и Урошевићевог Скопља пропраћене поетичко-естетичким *различитостима* као делезовским *понављањима* „тајних, тамних наговештаја" певања, средиште огледа установљава 'тачке ослонца' у иманентним поетикама Урошевића и Ливаде, указивајући на специфичну динамику *песничког мишљења* кроз присуствовање *простора града* у њему, али и на шире тенденције у српској и македонској поезији.

**м-р Славчо Ковилоски**, Институт за македонска литература, Скопје
slavcho.koviloski@outlook.com

**Надминување на молкот – трибина од 1976 година: „Што станува со Институтот за литература?"**

Трудот се однесува на една трибина на списанието *Културен живот* од 70-те години на XX век именувана како „Што станува со Институтот за литература". На неа, повеќе еминентни македонски писатели и научни работници се изјасниле за создавање на Институт за македонска литература. Притоа, било истакнато дека тоа е „непоходност на нашиот културен развиток". Во пресрет на јубилејот 35 години од основањето на Институтот, ќе ги презентираме критичките согледби на македонските автори, кои укажале дека на македонската литература и' е потребно квалификувано книжевно јадро.

**м-р Александра Секулић**, Универзитетска библиотека *Светозар Марковић*, Београд
sekulic.aleks@gmail.com

**Елементи фантастике у причама Вледе Урошевића и Милорада Павића**

Рад се бави компаративним тумачењем фантастичних слојева, као и стратегија упризоравања чудесног у причама из збирке *Ноћни фијакер* Владе Урошевића и причама Милорада Павића, како у збирци *Гвоздена завеса*, тако и у збирци *Коњи светога Марка*. Посве различитог приповедачког сензибилитета, Урошевић и Павић ипак отварају плодан дијалог сопствених фантастичних светова у чијем су нам читању помогле теорије могућих светова, текстови Цветана Тодорова, Саве Дамјанова и Виктора Жмегача.

**м-р Сузана В. Спасовска**, независен истражувач
svspasovska@yahoo.com

## Критичарска школа во македонската книжевност – тенденција или случајност?

Текстот сака да поттикне на размислување за појавата на книжевната критика во развојот и тенденциите на македонската книжевност. Книжевната критика не е само валоризатор на книжевните вредности на едно уметничко дело туку е истовремено толкувач на книжевните идеи, или поконкретно контекстуализатор – ако така може да се рече – на едно книжевно дело во светски рамки, земајќи го предвид не само самото дело туку особено миљето во кое делото се појавува – трендот на светските книжевни текови, влијанијата на регионалната литература итн.

Првите критичари на македонската книжевност не беа ниту само критичари, ниту само есеисти, тие беа повеќе од тоа – хроничари, историчари, теоретичари на книжевноста, а во добар дел и универзитетски професори по книжевност или естетика (Димитар Митрев, Милан Ѓурчинов, Георги Старделов, Слободан Мицковиќ, Гане Тодоровски, Влада Урошевиќ). Се разбира, во нашата книжевност треба да се спомене и феноменот на критичари на книжевните генерации, кои практично од позицијата на писатели пишуваа за своите колеги по перо. Но денес во ерата на модерните технологии, критиката како жанр како да исчезна од свеста на читателите. Таа се сведе на препораки или кратки рецензии во кои се истакнуваат само добрите страни на односното дело без да се валоризира во целост. Таквата парцијалност на книжевната критика доведе до појавата на т.н. шаблонизирана критика со која како да се направи извесен отпор кај реципиентите, дури и недоверба во таквиот тип рецензирање. Изумирањето на официјалната критика мислам дека само отвора пат за појава на новата – дали би можело да се рече – дигитална критика, која е во дослух со глобалните трендови не само во уметноста и културата ами и во цивилизацискиот развој. Прашањето за изумирање на книжевната критика како жанр, односно нејзиниот облик на институционална или официјална и шаблонизирана критика, може да се поврзе и со моментот на неадаптибилност на книжевната периодика во современите услови што ги поставуваат модерните технологии. Може ли да се каже дека заврши ерата на Гутенберговата галаксија и започна ерата на виртуелните светови? Затоа мислам дека е умесно да се постави прашањето за негување на таква дигитална критичарска свест во македонската книжевност, која ќе ги проучува книжевните феномени не само тесно книжевно туку и во поширок естетски и културолошки, дури би се рекло и глобализациски контекст. А зошто да не се говори и за одржување и негување на критичарски школи во македонската книжевност, кои секоја од свој агол би ги проследувала уметничките дела – херменевтички, компаративистички, имаголошки, културолошки итн?